# КАРПОШ
## Неделен Е - БИЛТЕН









**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**
**1 - 8 2023 Билтен бр. 507**

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦА ЈУРИЈ ГАГАРИН

**Во тек е реконструкција на фекална канализација на улица Јуриј Гагарин во должина од 80 метри при што се врши промена на оштетени керамички цевки. На секоја вертикала се поставува ревизиона шахта со што се овозможува непречено движење на одводните води. Реконструкцијата се врши со брза интервенција по претходно барање на станарите од зграда број 47 кои во изминатиот период се соочуваа со често запушување на канализацијата поради оштетените цевки и поплавување на просториите од првиот кат.**



# ИСКАЧУВАЊЕТО: ЉУБОВ И СЕКОЈДНЕВИЕ

**Разговор со Павел Николовски од 7в ООУ Димо Хаџи Димов младиот спортист на Алпинистичката карпа**

**Од каде идејата да започнеш со качување на алпинистичка карпа? Кога се роди желбата за истото?**
– Јас прво започнав да тренирам ракомет. Желбата за качување се роди кога татко ми славеше роденден во Болдер Бар каде што сега тренирам. Тогаш прв пат пробав, и од тогаш овој спорт стана мојата најголема љубов и мое секојдневие.
**Колку време од денот посветуваш на овој спорт? Дали твоите наставнички и другарчиња од училиште имаат разбирање за секое твое отсуство?**
-На тренинг одам од четири до пет пати неделно,а викендите обично ги користиме за качување на природна карпа во некој од нашите многубројни качувачки локалитети. Овие дружби ни се омилени бидејќи покрај качувањето се дружиме и поминуваме време на чист воздух во природа. Од училиште не отсуствувам многу бидејќи се трудам тренинзите да ги правам после наставата а натпреварите обично се за време на викендите. Исклучок се натпреварите во странство кога неизбежно е да се остане неколку дена па има потреба да се отсуствува. Инаку класната Невена Петковска од Димо Хаџи Димов е прекрасна и полна со разбирање и секогаш ми излегува во пресрет.
**Што поточно правиш кога се искачуваш на карпа, која е твојата цел и она што сакаш во иднина да го постигнеш?**
-Качувањето на карпа е интересен спорт кој истовремено бара посветеност, дисциплина, снаодливост и техника. За успешно да ја искачиш карпата треба да постои совршен баланс помеѓу овие неколку вештини. Спортот го развива истовремено секој мускул од телото но бара и брза реакција и координација помеѓу телото и умот. Прво и основно мојата цел е да израснам во здрава личност како физички така и психички, да остварам што повеќе другарства, а резултатот си доаѓа сам по себе. Желба ми е да учествувам на поголеми првенства, па и на Олимписките игри.
**Дали си учествувал досега на некои првенства и кои се твоите резултати?**
-Во Македонија сум учествувал на сите првенства кои се организираат низ целата земја, во дисциплините болдер и водство како и натпревари на природна карпа. Последните две години сум на првото место во мојата категорија. Покрај тоа имам учествувано на неколку меѓународни првенства во соседните земји. Би сакал да им порачам на сите деца да спортуваат и да се дружат, бидејќи само така ќе израснат во здрави личности.





# ЈАКИМОВСКИ ИЗВРШИ УВИД НА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЈУРИЈ ГАГАРИН И НАЈАВИ НОВИ ЗАФАТИ

**Општина Карпош ја стартуваше новата година со реализација на градежни зафати на територијата на урбаната заедница Кузман Јосифовски Питу. Решен е повеќе деценискиот проблем со канализационата инфраструктура на зградата број 47 на улицата Јуриј Гагарин. Градежните работи ќе продолжат на оваа локација. Планирано е подземна и надземна реконструкција на крак од улицата Јуриј Гагарин. – Во овој дел ќе правиме атмосферска канализација вклучувајќи нови тротоари, нов коловоз, а ќе бидат средени и паркинзите на зградите 47 и 49, изјави градоначалникот Стевчо Јакимовски. Во програмите за 2023 година ставена е и изведба на енергетско ефикасна фасада на зградите 47 и 49, а потоа и уште една зграда во непосредна близина со што оваа урбана заедница ќе добие современ и модерен лик.**



# ЈАКИМОВСКИ НА УВИД ВО НОВАТА ОПШТИНСКА ЗГРАДА: ДО КРАЈОТ НА СЕПТЕМВРИ ЌЕ СЕ СТАВИ ВО ФУНКЦИЈА ДЕЛ ОД ОБЈЕКТОТ

**Градоначалникот Стевчо Јакимовски беше на увид во новиот објект при што беше констатирано дека издвоените 23 милиони денари од буџетот на Општина Карпош за 2023 година нема да бидат доволни за довршување на целата зграда. Од тие причини беше одлучено годинава да се стават во функција приземјето, првиот и вториот кат, за да можат најголем дел од општинските служби да се преселат во новата зграда некаде до крајот на септември. Објектот се планира да биде довршен и целосно да биде ставен во функција во текот на следната година.**



# ЈАКИМОВСКИ: ГОДИНАВА ИМАМЕ РАЗВОЕН БУЏЕТ КОЈ ЌЕ ОВОЗМОЖИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВЕТЕНОТО

**Општина Карпош годинава ќе има развоен буџет кој ќе овозможи реализација на ветеното, најави градоначалникот Стевчо Јакимовски во обраќањето до карпошани при што со задоволство соопшти дека минатата година успешно е стабилизиран буџетот, а во исто време остварени се солидни приходи од 560 милиони денари, што овозможува годинава драстично да се зголемат одредени ставки од буџетот.**

– Буџетот за 2023 година е 519 милиони денари. Со задоволство можам да кажам дека е развоен. Второ задоволство што можам да изразам е дека речиси во целост ја оствaривме нашата замисла 2022 година да биде стабилизациона, односно од 5,5 милиони евра долг, на почетокот на оваа година имаме само 160.000 евра. Го стабилизиравме буџетот, па сега за оваа година имаме развоен буџет поради што некои ставки од буџетот драстично се зголемени во однос на претходните години. За општинската зграда лани имавме одвоено само три милиони, годинава се издвоени 22,5 милиони денари. Очекувам дека овие средства ќе бидат доволни да ги направиме приземјето и првите два ката. Драстично зголемување имаме и кај фасадите. Претходно немавме средства за оваа намена, годинава одвоивме 18.5 милиони. Тројно зголемување во ставките имаме и кај градинките и училиштата. Од пет на 15,7 милиони денари. За фекални и атмосферски канализации исто така три пати се зголемени ставките. За одржувањето на улиците зголемувањето е од четири на седум милиони. За одржување на зеленилото од три милиони, годинава имаме двојно зголемување на шест милиони. За реконструкција на улиците имаме зголемување од три на десет милиони, како и за нова урбана опрема, лани имавме милион, а сега имаме 3,5 милиони денари. Годинава сметаме дека ќе ја намалиме потрошувачката на електрична енергија со воведување на штедливи сијалици. Па така од ланските 40 милиони денари, за годинава предвидуваме 29 милиони денари. Оваа и во следните две години ќе инвестираме во штедливи сијалици, па така до крајот на овој мандат планираме сите светилки да бидат лед. Општина Карпош ќе има целосно автоматизирано осветлување што ќе биде управувано од еден центар. Зголемени се и средствата за полагање возачки испит од 4,1 милиони на 5 милиони, тоа значи дека годинава ќе можеме да ги покриеме целосно трошоците за обука за полагање возачки испит. Во 2022 година имавме приходи од 560 милиони денари. Успеавме да оствариме добри приходи за функционирање на општината и покрај антиградежната хистерија. На општината и недостасуваат околу 2 милиони евра за да можеме да имаме извонредна активност во делот на санација и изградба и реконструкција на инфраструктура, фасади и се што е потребно во општина Карпош, рече Јакимовски.

Градоначалникот им се заблагодари на разбирањето на сите граѓани кои имаа потреби и очекувања уште во првата година да се оствари програмата од изборите.